# Живот

ВЕСТ

## Дарио со спот за "Мистерија"



И петтиот сингл од мини-албумот на Дарио ќе биде визуелизиран. Станува збор за "Мистерија", со која го отвори неодамнешниот концерт во Скопје. Уште пред да се појави албумот во етерот, Дарио најави стилска шареноликост. По "Дајде една народна", "Армија", "Ќе пеам за нас" и "Како дошло нека оди", време е за нешто порокерско, пожестоко, а токму таква е и "Мистерија". Нејзината приказна ќе ја видиме кон крајот на неделава, а за неа се погрижи "100 %" продукција. **(М.Џ.)**

"САНАТОРИУМ" ВО БИТОЛА

## Фановите не здивнаа ниту секунда



Во преполната битолската дискотека "Свинг" , со репертоар од сите нивни досегашни изданија, "Санаториум" на битолчани им овозможи одлична забава. Изведбата на "Ултра спид", "Оуар рум", "Во себе умирам"...., и "Санаториум" во одлична форма не им дозволи на фановите (дојдени речиси од цела Македонија) да здивнат ниту секунда. Следната маршрута им беше Кочани каде беше промовиран најновиот материјал и прикажана 42-минутна снимка од настапот на "Таксират 1+2" . ***(М.Џ.)***

РАНКО ПЕТРОВИЌ

## Радио "Буба мара" на Велигден во Њујорк

**Радио "Буба мара", во етерот зрачи веќе 8 години. Почнавме на Велигден ´94 година... Овој Велигден на њујорчани ќе им се случи "вториот најголем шок по 11 септември": Радио "Буба мара" во Њујорк, вели Ранко Петровиќ, сопственик на радиото, на радиољубителите познат уште од времето на Студентско радио и "Скај радио".**

- Горд сум на времето на моите радиопочетоци, уште во младинското радио "Клуб 100". Особено на Студентско радио, на тие 30 квадрати во кои ги работевме ноќните програми. Во "Скај радио" каде што тогаш работеа најголемите македонски ѕвезди, си го испеков водителскиот занает и, сега засега, се "пензионирав" како водител...

■ **Тогаш настанува "Буба мара"...**

- Да, и од тогаш па наваму, најважно ни е да го следиме пулсот на слушателите, кои се сé побројни, како и фирмите заинтересирани да се рекламираат кај нас. За времето на целото постоење, се покажавме како медиум кој ги афирмира македонската музика и македонските ѕвезди.

Во рамките на нашиве услови, заедно со "Скај радио", денес можеме да се пофалиме со одлична техничка резервна опрема, подготвена да покрие четири радиостаници. Наскоро ќе започнеме со директен пренос од сите поважни концерти и естради случувања.

■ **Дотуркавте до таму да ја проширите "Буба мара" до Њујорк. Кажи ми нешто повеќе.**

- Од петти мај, ќе имаме еден час дневно на њујрошка фреквенција. Цел ни е да ги доближиме нашите иселеници до сето она што се случува овде, на естраден и на културен



*Од октомври, радио "Буба мара" се проширува и во Детроит и Торонто*

план: концерти, промоции, новости, хитови... Нé поттикнаа нивните желби, писмата што секојдневно ни пристигнуваа... Ќе оди снимена програма, од овде, ден однапред, ќе ја праќаме преку Интернет. Покрај нашите, тука се вклучени и американски фирми, во сопственост на нашите иселеници, кои ќе ги рекламираме. Од октомври, радио "Буба мара" се проширува и во Детроит и Торонто.

■ **Оваа година го прославивте и мини-јубилејот: Пет години "Златна буба мара на популарноста", годинава проследена со скандал. Снимивте и документарец по тој повод.**

- Може да се пофалиме дека сме една ретко регуларна и успешна манифестација. Ниту еден наш награден до сега не бил исвиркан. Напротив, сите добивале голем аплауз. Тоа докажува дека наградите ги добиваат оние што ги заслужиле и што ги сака народот. Годинава не останавме имуни на скандали, но не по наша вина, туку по вина на суети на одредени луѓе кои ја искористија нашата манифестација за нивно лично препукување. Без оглед, манифестацијата го задржа приматот за најпрестижна во државата. Документарецот ја доживеа својата претпремиера, а најдоцна до крајот на годината ќе биде прикажан на ТВ- станиците... Има уште многу планови, прокети... Но, најважно е да продолжиме по патот по кој тргнавме: едукација и забава за слушателите, афирмирање и негување на македонските ѕвезди.

***Фото и текст: М.Џаровска***

## Никеја во "Лејди блу"

Вечерва, во 23 часот, во клубот "Лејди блу", пред скопската публика ќе се претстави рок-групата "Никеја". На репертоарот ќе се најдат песни од двата нивни претходни албума. Ова наедно ќе биде и шанса за промоција на неколку досега нечуени синглови.



## Аудиција за хорот "Златно славејче"



Сојузот за грижа и воспитување на децата на град Скопје и Советот на фестивалот "Златно славејче" објавуваат аудиција за прием на нови членови во хорот "Златно славејче". На аудицијата, која е во тек и ќе трае секој ден до петок, имаат право да учествуваат деца на возраст од 6 до 13 години, започнува во 18 часот, во просториите на Сојузот, кои се наоѓаат веднаш до Пионерскиот дом "Карпош". За децата од внатрешноста на Македонија, аудицијата ќе биде в сабота, во 11 часот.

***(В. П.)***